**20231542752**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2023 година.

Бр. 08-3784/1
18 јули 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1

Во Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ број 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19), во член 35 став (2) зборовите: „Советот за граѓанска контрола“ се заменуваат со зборовите: „Советот за граѓански надзор“.

Член 2

Во член 39 во ставот (2) се додава нова реченица, која гласи:

„Комисијата го известува претседателот на Собранието и генералниот секретар на Собранието за изборот на двајцата експерти за постојана поддршка и за изборот на дополнителни национални или меѓународни експерти.“.

По ставот (2) се додаваат пет нови става (3), (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

„(3) Со техничките експерти за постојана поддршка од ставот (2) на овој член Собранието склучува договор врз основа на кој им следува месечен надоместок во бруто-износ од една просечна исплатена нето-плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

(4) На техничките експерти за постојана поддршка не им се исплаќа надоместокот од ставот (3) на овој член за месецот во којшто не се ангажирани.

(5) За извршување на работите за кои се ангажирани од Комисијата од членот 38 од овој закон, на техничките експерти од ставот (2) на овој член кои живеат надвор од градот Скопје им следува и надоместок на патни трошоци во висина на цената на билет за користење јавен превоз.

(6) Со дополнителните национални или меѓународни експерти од ставот (2) на овој член, доколку има потреба, на предлог на Комисијата од членот 38 од овој закон Собранието склучува договор за ангажирање, во кој во зависност од условите и обемот на ангажманот може да им се одреди паричен надоместок, кој не може да биде повисок од двократен износ од просечната исплатена нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

(7) Надоместоците од ставовите (3), (5) и (6) на овој член се исплаќаат од Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија.".

Ставот (3) станува став (8).

Член 3

Членот 46 се менува и гласи:

„Комисијата донесува Деловник за својата работа, со кој се уредуваат прашањата за начинот на работа на Комисијата, начинот на ангажирање технички експерти и начинот и постапките за вршење надзор на мерките за следење на комуникациите во согласност со закон.".

Член 4

Во насловот пред член 47 зборот „Назначување" се заменува со зборот „Избор".

Член 5

Во членот 47 зборот „назначува" се заменува со зборот „избира".

Член 6

Во член 48 став (1) зборот „назначува" се заменува со зборот „избира".

Во став (2) зборот „назначување" се заменува со зборот „избор".

Во став (3) алинејата 4 се менува и гласи:

„- да има работно искуство од најмалку пет години во областа на правото, телекомуникациите, информатичките технологии, безбедноста и одбраната или пет години работно искуство во невладините организации од областа на заштитата на човековите права, безбедноста и одбраната.".

По ставот (3) се додаваат три нови става (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) На претседателот и на членовите на Советот им следува месечен паричен надоместок, кој се исплаќа од Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија.

(5) Месечниот надоместок од ставот (4) на овој член во бруто-износ го определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија и истиот не може да биде повисок од двократен износ од просечната исплатена нето-плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

(6) За присуство на седница на Советот на претседателот, односно на член на Советот кој живее надвор од градот Скопје му следува и надоместок на патни трошоци во висина утврдена во членот 39 став (5) од овој закон.".

Член 7

По членот 48 се додава нов член 48-а, кој гласи:

„Член 48-а

(1) Советот има печат и штембил.

(2) Печатот и/или штембилот се ставаат на материјалите и документите што Советот ги прима, донесува или упатува за извршување на својата надлежност утврдена со закон.

(3) Начинот на прием, постапувањето и чувањето на документите на Советот се врши во согласност со закон и се уредува во Деловникот на Советот.“.

Член 8

Членот 51 се менува и гласи:

„Советот постапува по сопствена иницијатива или по претставка поднесена од граѓанин.“.

Член 9

По членот 51 се додаваат два нови члена 51-а и 51-б, кои гласат:

„Член 51-а

(1) Советот врши надзор по сопствена иницијатива, со претходна најава во ОТА и кај овластените органи, за што ја известува Комисијата од членот 38 од овој закон. Надзорот се врши заради споредба на податоците од анонимизираните примероци на наредбите за потребите на надзор и контрола за периодот од последните три месеци.

(2) При вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член Советот констатира дали има отстапувања и/или неправилности при споредувањето на податоците.

(3) Во случај кога Советот ќе констатира отстапувања и/или неправилности при споредувањето на податоците, веднаш го известува надлежниот јавен обвинител и Комисијата.

(4) За извршениот надзор по сопствена иницијатива, без изнесување конкретни податоци и водејќи сметка за заштитата на личните податоци, Советот ја информира јавноста.

Член 51-б

(1) По претставка поднесена од граѓанин Советот самостојно врши надзор заради споредба на податоците од анонимизираните примероци на наредбите за потребите на надзор и контрола за периодот од последните три месеци.

(2) По претставка поднесена од граѓанин Советот по потреба до Комисијата од членот 38 од овој закон може да поднесе барање за ангажирање на експертите за постојана поддршка за спроведување стручен надзор.

(3) Врз основа на барањето од ставот (2) на овој член, Комисијата ги ангажира експертите за постојана поддршка.

(4) По извршениот надзор, експертите за постојана поддршка во рок од 48 часа доставуваат известување до Советот и ја информираат Комисијата.

(5) Во отсуство или неможност за ангажирање на експертите за постојана поддршка, а врз основа на барањето од ставот (2) на овој член, Комисијата може да изврши надзор во согласност со членот 40 од овој закон самостојно или заеднички со Советот.

(6) Врз основа на известувањето од ставот (4) на овој член и самостојно извршениот надзор, Советот во најкраток можен рок го известува подносителот на претставката за конкретниот случај дека:

- е констатирана злоупотреба или
- не е констатирана злоупотреба.

(7) Доколку Советот констатирал злоупотреба, веднаш го известува надлежниот јавен обвинител и Комисијата.

(8) Советот без изнесување конкретни податоци за случајот и водејќи сметка за заштитата на личните податоци ја информира јавноста. “.

Член 10

Членот 53 се менува и гласи:

„(1) Условите за работа на Советот ги обезбедува Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Финансиските средства за работа на Советот се обезбедуваат во Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија.

(3) Собранискиот службеник определен за вршење и на стручните работи за потребите на Советот има право на посебен надоместок на плата, кој не може да биде повисок од 30% од износот на основната плата на собранискиот службеник на местото на кое е распореден во Службата на Собранието.

(4) Заради обезбедување средства во Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија кои ќе бидат наменети за Советот, Советот изготвува Предлог-годишен финансиски план по расходни ставки во тековната за наредната година, и истиот го доставува до претседателот на Собранието и до генералниот секретар. Предлог-годишниот финансиски план Советот го доставува во рок определен од претседателот на Собранието.

(5) Советот подготвува Предлог-правилник за начинот и условите за користење на обезбедените средства во Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија наменети за Советот, кој го донесува Буџетскиот совет на Собранието.

(6) Целокупната документација за исплатите за потребите на Советот се одобрува од претседателот на Советот и од раководното лице или од овластените лица на Собранието врз основа на обезбедените средства во Буџетот на Собранието на Република Северна Македонија наменети за Советот за граѓански надзор.“.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.